УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# ПРИРАЧНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД



*в.проф. д-р. Тодорка Самарџиоска*

Скопје, 2014

# ПРИЈАВА ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# Пријава на тема
# за магистерски труд

**Пријава за изработка на магистерски труд се поднесува до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет–Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, по претходно дадено мислење на Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии, по положување на предвидените испити и стекнување 90 кредити.**

**Кандидатот може да пријави магистерска тема од предметите кои ги положил на соодветната студиска програма. Исто така, кандидатот може да избере потенцијален ментор од предметите кои ги положил на соодветната студиска програма.**
**Пријавата за магистерски труд содржи:**

- **пријава од кандидатот со *наслов на темата* (една страница),**
- ***образложение на научната и стручната оправданост на темата* (1-2 страници),**
- **предмет и цели на истражувањето (до 1 страница)**
- ***план за работа* на магистерскиот труд (3-5 страници),**
- **очекуван придонес од истражувањето (до 1 страница) и**
- ***преглед на литературата* (2-3 страници).**

**Насловот на темата на магистерскиот труд во пријавата на кандидатот задолжително се пишува на македонски и англиски јазик.**

# Структурата на пријава за магистерски труд опфаќа:

**1. Образложение на научната и стручната оправданост на темата (актуелност на проблематиката на истражувањето)**
**2. Предмет и цел на истражувањето**
**3. План на презентирање на материјата (план за работа) и методологија на истражувањето**

- **Вовед**
- **Глава I**
- **Глава II**
- **Глава III**

**………..**

- **Заклучок**

**4. Очекуван придонес од истражувањето**
**5. Литература**

***ДО***
***НАСТАВНО НАУЧНИОТ СОВЕТ***
***НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ***

***ПРЕДМЕТ:*** Пријава за изработка на магистерска работа

***ПОДНОСИТЕЛ*: Петар Петровски**, дипл.град.инж.

Во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии и член 226 од Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Сл. Весник на РМ бр. 156/2008), приложувам пријава за изработка на магистерска работа под работен наслов:

**„АНАЛИЗА НА ТРАНСФЕР НА ТОПЛИНА ЗА ОБВИВКАТА НА ОБЈЕКТ“**
**“HEAT TRANSFER ANALYSIS OF BUILDING ENVELOPE”**

Го молам Наставно-научниот совет на Градежниот факултет-Скопје да започне постапка за одобрување на изработка на горенаведениот магистерски труд, под менторство на проф. д-р Тодорка Самарџиоска.

*Со почит,*

*Кандидат,*

Скопје, јуни, 2012 Петар Петровски, дипл.град.инж.

*Согласен ментор,*
проф. д-р Тодорка Самарџиоска

# *Литература*

*Литературата* е листа на важни наслови кои помогнале попродлабочено да се запознаете со суштината на темата, да ја подготвите темата и тезите на магистерскиот труд, но за кои вие сте оцениле дека не треба да бидат цитирани во трудот.

При пријавувањето на темата за магистерски труд, кандидадот во списокот на литература треба да наведе најмалку 40 наслови на книги и списанија од домашни и странски автори, објавени по 2000-та година, со исклучок на определени капитални дела објавени пред 2000-та година.

Литературата треба да биде наведена според азбучен редослед, сите поединечни извори на користена литература, според презимето на првиот автор на делото.

- презиме и иницијали на авторот;

 (година)

- наслов на книгата, студијата, зборникот или др. - со искосени букви-италик;

 насловот на статијата во наводници;

 насловот на списанието -со искосени букви-италик;

 Vol.,… No…, 2000 или May-June 2000

- издавач;
- место

# Рокови за пријавување на темата и тезите за магистерски труд

Кандидатот поднесува пријава за изработка на магистерскиот труд до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет-Скопје, преку Советот за наставно-научен колегиум за втор циклус студии, најдоцна 10 дена пред одржување на седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет-Скопје.

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет-Скопје по правило одржува седница еднаш месечно.

Пријавите пристигнати после овој рок, нема ad hoc да се ставаат на седница на Колегиумот за втор циклус студии , туку ќе се разгледуваат на наредната седница.

Со пријавата за магистерскиот труд, кандидатот задолжително поднесува:

- кратка биографија
- уверение за положени испити на втор циклус

Пријавата за магистерскиот труд се доставува до Архивата на Градежниот факултет - Скопје во 3 примероци, сите потпишани на насловната страна од потенцијалниот ментор и од кандидатот. Исто така, пријавата се доставува и во електронска форма во pdf - формат.

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# Структура на магистерскиот труд

Магистерскиот труд треба да ги содржи следниве делови:

Насловна страна

Прва страница после насловната страница

I Благодарност или посвета

II Апстракт на македонски на една страница (до 300 збора) која завршува со клучни зборови (5 - 7 термини) на крајот на истата страница

III Истиот апстракт и клучни зборови на англиски јазик (Abstract and Key words) на следна страница

IV Листа на табели

V Листа на слики

VI Содржина со нумерирани страници

1 Вовед

2 Главен текст

3 Заклучок

4 Препораки за понатамошни истражувања

5 Референци

6 Прилози

# Насловна страна

Од левата страна логото на универзитетот

- Име на Универзитетот;

Од десната страна логото на факултетот

- Име на факултетот;

II циклус студии и наслов на студиската програма

- Име и презиме на кандидатот, сегашно звање и број на индекс
- Наслов на магистерскиот труд;
- под насловот пишува (магистерски труд)
- звање, име и презиме на менторот;
- Скопје, година

**(прилог насловна страна)**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Втор циклус на студии
МЕНАЏМЕНТ СО НЕДВИЖНОСТИ

Кандидат:
Петар Петровски, дипл. град. инж.
бр. индекс 9999

# КАТАСТАРОТ СО НЕДВИЖНОСТИ КАКО ГЕНЕРАТОР НА ПОДАТОЦИ

(магистерски труд)

Ментор:
в. проф. д-р.Тодорка Самарџиоска

Скопје, јуни 2014

# Прва страница после насловната

Првата страница после насловната страница треба да содржи:

1. титула, име и презиме на менторот,
   име на факултетот, место

2. Членови на комисијата:
   - титула, име и презиме на првиот член на комисија, име на факултетот, место
   - титула, име и презиме на вториот член на комисија, име на факултетот, место
   - титула, име и презиме на третиот член на комисија, име на факултетот, место

# Содржина на магистерскиот труд

При изработката на тезите или содржината на магистерскиот труд, треба да се користат децимални кодови (1, 1.1, 1.1.1; нема потреба да се оди подетално од трето ниво на расчленување) за насловите на поглавјата и поднасловите ;

За да се нагласи хиерархијата и односите помеѓу различните делови од магистерскиот труд треба да се користи нивно поместување во десно.

Потребно е да постои нумерација на страниците, за да може да се издвои во содржината каде се наоѓа соодветниот наслов или поднаслов во главниот текст.

# 1 Вовед

Во воведот на магистерскиот труд треба да се даде одговор на следниве поважни прашања:

- Актуелност на проблематиката на истражувањето (образложение на научната и стручната оправданост на темата),

- Предмет и цел на истражувањето,
- План на презентирање на материјата (план за работа),
- Методологија на истражувањето

# 5 Референци

За разлика од литературата која се составува при пријавувањето на магистерскиот труд, *референци* е листа на автори и нивните дела која се составува кога се цитирани нивните дела во магистерскиот труд.

Листата на референци се приложува на крајот на магистерскиот труд.

Најпрво се наведуваат референците за книги, зборници од конференции, научни трудови, статии и други публикации, а посебна референци листа се составува за користени извори од веб страници.

# 5 Референци

Сите поединечни извори кои се користени како референци треба да бидат наведени според азбучен редослед, според презимето на првиот автор на делото, нумерирани во средни загради [xx].

- презиме и иницијали на авторот;
- (година),
- наслов на книгата, студијата, зборникот или др. - со искосени букви- италик;
- насловот на статијата во наводници;
- насловот на списанието - со искосени букви - италик;
- Vol.,… No…, 2000 или maj - june 2000
- издавач;
- место.
- p. 222 или pp. 222-255 (доколку референцата е на англиски јазик) или стр. 222 (доколку референцата е на македонски јазик).

# 5 Референци
## Цитирање во текст (intext citation)

Референците кои се користат од други публикации потребно е да бидат во Харвард стил, а нивната комплетност, точност и конзистентност треба да биде внимателно проверена и потврдена.

Текстови и податоци изворно користени или преземени од друг извор (дефиниции и определени набројувања), треба задолжително да се означат како цитат во текстот на истата страна (intext citation) на која се споменуваат и истите да се поместат на крајот од магистерскиот труд во делот референци, коректно цитирани.

Начинот на цитирање во текстот е даден на следната страна , со напомена дека при цитирањето задолжително треба да стои и бројот на страницата од каде е преземен соодветниот цитат.

# 5 Референци

Референците кои се користат од други публикации и притоа се парафразираат треба да бидат цитирани во текстот според следниве примери:

- Brebbia [број на референцата] со користење на името на првоименуваниот автор на публикацијата;
- Brebbia и Robinson [xx] со користење на имињата на двата автори на публикацијата; или
- Davenport et al [xx], кога постојат три или повеќе автори .

Доколку станува збор за доследен цитат на одредена референца истиот се става во наводници, а во заградата покрај името на авторот и годината се става и бројот на страницата од каде што е превземен цитатот, според следниов пример:
“... Граничните елементи употребени во случајот на тек на флуиди и транспорт на контаминанти се линеарни...”, (Brebbia [xx], p.123).

# 5 Референци

На крајот на магистерскиот труд се наведуваат референците на цитираните автори по азбучен ред според презимето на првоименуваниот автор и тоа за различни публикации, нумерирани во средни загради [] според следниве примери:

- **за книга**

Презиме, Иницијали (година), *Наслов на книга*, Издавач, место на издавање.

***пример***: Hagentoft, C. (2005), *Introduction to Building Physics*, Studentlitteratur AB, Lund, Sweden.

- **за глава од книга или дело од збирка на трудови**

Презиме, Иницијали (година), "Наслов на главата", во презиме на уредникот, Иницијали, *Име на книгата*, Издавач, место на издавање, страници.

***пример***: Calabrese, F.A. (2005), "The early pathways: theory to practice –a continuum", in Stankosky, M. (Ed.), *Creating the Discipline of Knowledge Management*, Elsevier, New York, NY, pp. 15-20.

# 5 Референци

- **<u>за научни списанија</u>**

Презиме, Иницијали (година), "Наслов на статијата", *Име на научното списание*, волумен, број, страници.

***пример***: Negro, P., Bournas, D. A., Molina, F. J. (2013) “Pseudodynamic tests on a full-scale 3-storey precast concrete building: Global response", *Engineering Structures*, Vol. 57 No. 2, pp. 594-608.

- **<u>за зборници од конференции</u>**

Презиме, Иницијали (година на публикацијата), "Научен труд", во Презиме, Иницијали (Ед.), Наслов на зборникот кој најчесто содржи место и датум, Издавач, Место на издавање, страници

***пример***: Jakkilinki, R., Georgievski, M. and Sharda, N. (2007), "Connecting destinations with an ontology-based e-tourism planner", in *Information and communication technologies in tourism 2007 proceedings of the international conference in Ljubljana, Slovenia, 2007*, Springer- Verlag, Vienna, pp. 12-32.

# 5 Референци

- **за работни документи**

Презиме, Иницијали (година), "Наслов на документот", работен документ [број ако е достапен], Институција или организација, Место на институцијата, датум.

***пример***: Moizer, P. (2003), "How published academic research can inform policy decisions: the case of mandatory rotation of audit appointments", working paper, Leeds University Business School, University of Leeds, Leeds, 28 March.

- **за статии во весници (со автор)**

Презиме, Иницијали (година), "Наслов на статија", *Весник*, датум,страници.

***пример***: Smith, A. (2008), "Money for old rope", *Daily News*, 21 January, pp. 1, 3-4.

- **за статии во весници (без автор)**

*Весник* (година), "Наслов на статија", датум, страници.

***пример***: *Daily News* (2008), "Small change", 2 February, p. 7.

# 5 Референци

- **<u>за EU документи</u>**

Потребните елементи за референци се: името на институцијата од каде потекнува документот (нпр.Комисија), формата ( нпр. Директива или Одлука), година/број на правниот акт/Иницијали од институцијата по кој следува датум кога е донесена, потоа насловот, и сето тоа во италик.

***примери***:

*Council Directive 2001/29 /EC of 22 May 2001 on the harmonisation of certain aspects of copyright and related rights in the information society.*

*Commission Decision 93/42/EEC of 21 December 1992 concerning additional guarantees relating to infectious bovine rhinotracheitis for bovines destined for Denmark.*

*Council Regulation (EEC) 1612/68[5] of 15 October 1968 on freedom of movement for workers within the Community.*

# 5 Референци

- **<u>за електронски извори</u>**

Доколку изворот е достапен online се наведува на почетокот, додека целата интернет адреса (URL) потребно е да се наведе на крајот од референцата, како и датумот кога е пристапено на страницата.

***пример***: Castle, B. (2005), "Introduction to web services for remote portlets", available at: http://www-128.ibm.com/developerworks/library/wswsrp/ (accessed 12 November 2007).

Самостојни интернет адреси, односно без авторот или датумот, треба да бидат вклучени или во загради во главниот текст, или по можност да бидат означени како белешка или фуснота (римски бројки во квадратни загради во текстот, проследено со целосна интернет адреса на крајот на магистерскиот труд).

Доколку цитатот е преземен од веб страница да се наведе целосниот линк, кој директно води на делот кој се однесува на соодветниот цитат: www.businessplans.org/Mission.html (accessed 12th of March 2012).

# Обем на магистерскиот труд

- Обемот на магистерскиот труд за студентите запишани на втор циклус студии треба да изнесува помеѓу **60 - 80 страници** за наративниот дел. Бројот на страниците од прилозите и почетните страници нумерирани со римски бројки не спаѓаат во дефинираната бројка на страници.
- Технички, магистерскиот труд треба да се изработи на хартија А4 формат , во портрет ориентација.
- Кориците на магистерскиот труд треба да бидат во темно сина боја со сиви (сребрени) букви.
- Страниците треба да бидат нумерирани со арапски бројки (сите, освен почетните страници вклучително и содржината на трудот, кои се нумерирани со римски бројки и не се вбројуваат во содржината на трудот).

# Обем на магистерскиот труд

- Текстот треба да се пишува во фонт Georgia / Times New Roman со македонска јазична поддршка, големина на фонтот 12.
- Маргините на страниците треба да бидат:

  од лева страна на листот од 3,5см

  од десна страна од 1,5 см.
- Горната и долната маргина на страницата не се ограничуваат, тие ќе произлезат во зависност од тоа дали на страниците ќе постои некаков *header* или *footer.*
- Проредот на текстот е 1,5.
- Текстот треба да биде двострано порамнет (justified).
- Целиот труд треба да биде еднострано печатен.
- Доколку трудот има анкетни листови и други податоци, истите може да се додадат во делот прилози на магистерскиот труд.

# Обем на магистерскиот труд

Техничките детали сврзани со содржината на магистерскиот труд, а кои се однесуваат на нумерација на табели, слики или графикони, треба да изгледаат вака:
Табела 1.1, Табела 1.2, Табела 1.3 итн. во првата глава;
Табела 2.1, Табела 2.2, Табела 2.3 итн. во втората глава,
и така за сите глави;
Истата нумерација важи и за слики и графикони. Сите дијаграми, слики, фотографии се означени со Слика 1.1, Слика 1.2, итн.
На крајот на табелата или сликата или графиконот, доколку тие не се со оригинално авторство, се става на пр. извор: Richardson, B. (1992), *Business Planning. An Approach to Strategic Management*, Second Edition, Pitman Publishing, London, p.99

# Предавање на магистерскиот труд

Магистерскиот труд се доставува истовремено во:

- 6 примероци (3 за комисијата, 1 за архивата, 1 за библиотеката на факултетот и 1 за кандидатот), и
- 3 CD-иња (за членовите на комисијата).

Кандидатот при поднесување на магистерскиот труд потпишува изјава дека истражувањето претставува сопствено оригинално истражување, самостојно изработено и дека не претставува плагијат.
Во прилогот на магистерскиот труд треба да биде приложена и изјавата на кандидатот за неплагијат.

**(прилог изјава)**

Трудот подлежи на уште една проверка за плагијаторство на web-страната на Министерството за образование и наука на Владата на Р Македонија, но тоа е обврска на менторот после предавањето на трудот.

# ИЗЈАВА

До Градежен факултет – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Предмет: ИЗЈАВА

Јас ,_________, студент на втор циклус студии на студиската програма по Менаџмент со недвижности, организирани на Градежниот факултет во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со место на живеење на улица ___________ број ____ во _______________ со ЕМБГ _________ и број на индекс _______ , изјавувам дека поднесениот магистерски труд под наслов ______________________претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна научна работа во текот на истражувањето.

Магистерскиот труд под овој наслов и во оваа форма не е пријавен за одбрана на ниту еден друг Универзитет во земјава или странство.

Согласен сум да ги сносам сите обврски и одговорности кои произлегуваат од неовластено користење на туѓ текст или плагијаторство, согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродните права.

Скопје ___________ година                                                            Давател на изјавата:

_____________________________

# РОКОВИ

Кандидатот го брани магистерскиот труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот труд.

По барање на студентот, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, може да определи продолжување на рокот за изработка на магистерски труд, за времето додека траеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд, но најмногу во рок од уште една година.

По истекот на овој рок, студентот го губи правото да го брани пријавениот магистерски труд.

Барањето на кандидатот запишан на втор циклус студии за продолжување на рокот за изработка на магистерскиот труд, се поднесува заедно со уплатница.

Не може на иста седница на Наставно-научниот совет да се разгледуваат две исти молби од ист кандидат, запишан на втор циклус на студии, (на пр.: барање за продолжување на рокот за изработка на магистерски труд и барање за прифаќање на тема за изработка на магистерски труд и сл).